# KNAUF STORY

Број 9, мај 2012




## Тема:
## Кнауф системи за звучна изолација

Кнауф партнер:
„КОНТИНЕНТАЛ" - Штип

Референтен објект: Аеродром
АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ - Скопје

Интервју:
MAZE IN MAZEDONIEN

KNAUF Newsletter JAHRE 80

Фабриката на Кнауф во Дебар ја преработува една од најквалитетните руди на гипс во светот. Со милениуми наназад гипсот се користел како градежен материјал, а примената на истиот не е прекината до денес. Освен во градежништвото, гипсот се употребува и во медицината, стоматологијата, прехранбената индустрија итн. Неговата ph вредност, иста како кај човечката кожа, е причина повеќе за негово лесно прифаќање од човекот.

И покрај традицијата и довербата, наш најсилен адут е контролата на производите. Кнауф уште од почетоците редовно е носител на т.н. Печат за здрав материјал издаден од IBR од Германија. Најновото ресертифицирање во август 2011 сакаме да не остане неодбележано, бидејќи сметаме дека сите што се повеќе ги употребуваат гипсените плочи на Кнауф, заслужуваат да знаат што имаат во своите домови и работни простории.


IBR

Institut für **Baubiologie** Rosenheim GmbH

CERTIFICATE OF AWARD

Based on the excellent test results, the Seal of Approval

Tested and recommended
Institut für Baubiologie Rosenheim GmbH
IBR ®
Product tested for VOC · biocides · heavy metals and radioactivity

is hereby awarded to

Knauf Radika AD
MK-1250 Debar

for the test item

gypsum board

by the Institut für Baubiologie Rosenheim GmbH.

Reimut Hentschel, Managing Director

Rosenheim, August 2011

The Seal of Approval is awarded for 2 years. In the interest of consumers, follow-up testing of the products must be performed in due time before the Seal of Approval expires. The applicant will have to reapply for these tests.
IBR Institut für **Baubiologie** Rosenheim GmbH D-83022 Rosenheim Münchener Straße 18 Tel. +49(0)8031 3675-0
Managing Director: Reimut Hentschel Commercial Register: HRB Traunstein 5362 VAT ID: DE 131182830
info@baubiologie-ibr.de www.baubiologie-ibr.de

*„Институтот за градежна биологија Розенхајм ГМБХ, врз база на одличните резултати на испитувањата, го наградува КНАУФ РАДИКА АД со овој Печат за квалитет за производот: гипсена плоча. Институтот потврдува целосно отсуство на VOC (испарливи органски компоненти), биоциди, тешки метали и радиоактивност. Рајмут Хенчел, директор, Розенхајм, август 2011.“*




*мај, 2012*

Тема:
КНАУФ СИСТЕМИ ЗА ЗВУЧНА ЗАШТИТА 4

Референтен објект:
Аеродром АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ - Скопје 8

Референтен објект:
МОДЕРЕН ДОМ ДАЛЕКУ ОД ГРАДСКАТА ВРЕВА 10

Кнауф партнер:
КОНТИНЕНТАЛ - ШТИПСКИ ГИПС ТЕМЕЛНИК 12

Кнауф вработен:
Велимир Петровски МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД ПРОДАЖБА 14

Интервју:
MAZE IN MAZEDONIEN 16

***Почитувани,***

*Оваа година во Кнауф ја продолжуваме со истото темпо како минатата, која за нас беше успешна година. Годинава имаме дополнителен мотив за да оваа биде уште подобра од претходната:* ***80 години од основањето на фирмата Кнауф!*** *Не знам дали браќата Карл и Алфонс Кнауф од Ипхофен, Германија сонувале дека нивниот бизнис со малата гипсара денес ќе прерасне во групација разгранета во над 50 земји во светот со над 150 фабрики, но денес Кнауф е токму тоа: голема групација која остана да функционира како семеен бизнис со брз и директен начин на одлучување, визионерство, иновации и инвестиции, како и богатство од идеи на своите вработени.*
*Во ова издание на Кнауф Стори ќе прочитате за актуелни Кнауф теми од Македонија и од регионот. Како тема на бројот ја одбравме звучната заштита. И тоа не е случајно. Постојат многу предрасуди кај нас поврзани со оваа тема и затоа ние со помош на примери и конкретни мерења сакаме да Ве увериме дека системите на Кнауф се најдоброто решение за добра звучна заштита.*
*Ако внимателно понатаму ги прелистате страниците можете да се запознаете со универзалната применливост на нашите системи за градба: од таквите грандиозни објекти како новиот скопски аеродром Александар Велики, до една убава семејна куќа во Скопје. Очекувајте и понатаму многу од Кнауф: колегата Велимир Петровски е сосема во право кога вели во интервјуто:* ***Кнауф е многу повеќе од производител и продавач на квалитетни гипсени малтери, плочи и слично: Кнауф нуди современ градежен концепт за иднината.*** *Нашите канцеларии во Скопје и Дебар се место каде Вие секогаш можете да сметате на нашите нови идеи и бесплатни совети за Вашите нови градби или реновирања.*
*Срдечно Ваш,*

***Тодор Деловски***
***Директор на Кнауф за Македонија, Албанија, Косово, Србија и Црна Гора***

Knauf Story е newsletter на Кнауф во Македонија.
Редакција: Кнауф Маркетинг, бул. Александар Македонски 66 Скопје.
Членови на редакција: Роберт Смилески, Велимир Петровски, Тодор Деловски, Блажен Зотовски.
Фотографии: Роберт Смилески, Христови инженеринг, КНАУФ фото-датотека.
Дизајн и подготовка: Република. Тираж: 1500 примероци
www.knauf.com.mk

KNAUF JAHRE 80

facebook.com/KnaufMacedonia



## КНАУФ СИСТЕМ ЗА ЗВУЧНА ЗАШТИТА

# КОНЕЧНО МИР И СПОКОЈ!

Во науката бучавата се опишува како феномен предизвикан од несакан и штетен надворешен звук најчесто создаден од човечките активности. Бучавата е наметната од блиската средина и истата кај живите битија предизвикува непријатност и вознемирување. Освен бучавата емитувана од превозни средства и бучавата од местата со индустриска активност, таа најчесто до нас доаѓа од соседството каде престојуваат или живеат луѓе, но и куќни миленици, кои заедно можат да предизвикаат вознемиреност кај своите соседи.

Во последните 100 години просечниот звук на планетата земја е пораснат значително, и за жал магнитудата на таа појава е во постојан пораст, како резултат на зголемувањето на популацијата, урбанизирањето, зголемувањето на бројот на превозни средства...

Бучавата е штетна по здравјето и тоа сега е и научно докажано иако и во минатото се знаело за последиците од изложеност на бучава. Англискиот збор за бучава, noise, потекнува од латинскиот збор nauseas што значи морска болест.

Поради штетноста на бучавата, во светот се донесуваат законски норми со цел создавање на здрави услови за животот на луѓето подложни на бучава. И во Македонија, во Јуни 2007 година е донесен важечкиот Закон за заштита од бучава за Република Македонија. Законот предвидува преземање на мерки и активност за избегнување, спречување и намалување на бучавата.

Бучавата освен што иритира, според медицински истражувања, предизвикува намалување на концентрацијата кај повеќето луѓе, како и нивната продуктивност. Бучавата предизвика хронична несоница, повишен крвен притисок, па дури и срцеви заболувања. За значењето на стресот  предизвикан од постојаната бучава од надвор или од

Вашиот сосед, и неговата поврзаност со здравјето не треба премногу да се зборува. Стресот е тивкиот убиец на современиот живот. Затоа неопходно е да се подобрува звучната заштита уште на почетокот, при новоградбите, но исто така истата може да се подобри и при реновирањата во постоечки објекти.

Значи **БУЧАВАТА ПОСТОИ.** Можеби не толку страшен факт, како фактот дека таа станува се појака и појака. Потсетете се на Вашиот телевизор од пред 25 години. Ви текнува на малиот звучник кој кога ќе го пуштевте телевизорот погласно од 5-ка крчеше и го деформираше звукот? А помислете на Вашиот мобилен телефон од пред 10 години. Немаше ни полифони ѕвончиња и не вибрираше, па пропуштавте по некој повик секој ден. Е, денес имате плазма телевизор со стерео “два пута двеста” звучници, на кои пуштате воени спектакли од Холивуд, или уште полошо, Вашиот сосед пушта воени спектакли од Холивуд. Мобилниот телефон не заостанува позади стерео технологијата. И вие и Вашиот сосед имате “смарт” телефони, поврзан на некој нов, црн, високосјаен звучник со димензии 10см/15см, со јачина на просечно гитарско појачало од шеесеттите. Единствена разлика е тоа што алармот на неговиот смарт телефон, секое утро ѕвони 15 минути пред Вашиот.

Ако ја испративте старата технологија за забава, дочекајте ја современата технологија на градба на преградни ѕидови, фасадни ѕидови, спуштени тавани, подни кошулки и останати материјали и системи кои ќе го зголемат квалитетот на Вашиот живот

Почнувајќи од хемиско-физичките карактеристики на гипсот како наша основна суровина, одличната термичка, а пред се звучна изолација, е во целост пренесена во системите за сува градба кои ги произведуваме. Да ги земеме за пример главните заштитници од агресивниот звук. Преградните ѕидови. Палетата на системи на преградни ѕидови Ви е добро позната. Ѕидови со звучна изолација од 46dB, па се до покомплексни системи со звучна изолација и до извонредни +70dB, погодни за изолација на кино сали, театри, дискотеки и слични позиции.

Помислувајќи на традиционалната градба, секогаш имаме слика за нешто цврсто и трајно. Нешто што траело толку време до сега и на кое можеме да се потпреме. Но, како што покажуваат статистиките погоре, растат барањата на човекот на неговиот пат кон совршен простор. Тој веќе бара нешто што одговара на неговите потреби, а во исто време не одзема од корисниот простор кој станува поскап и поскап. Па така, неизбежна е споредба на различни познати преградни ѕидови. Ѕидани елементи од единечни блокови (еднослоен принцип), познатиот “сендвич ѕид”, составен од два масивни елементи (гитер или блог тула) и изолација (спој од две тешки облоги), систем на масивна градба комбиниран со суво-монтажна ѕидна облога (комбинација од тешка и лесна облога) и конечно, она што го препорачува модерната градежна физика, преграден сувомонтажен ѕид, т.е. оптималниот спој од две лесни и еластични облоги.

Кога сите овие преградни ѕидови би морале да задоволат звучна изолација од 55dB, сите тие би завземале различна површина на подот. Од еднослојниот, кој би одземал 42-43 сантиметри, па се до модерниот лесен и еластичен систем кој би одземал само 12,5см на секој должен метар. Кај него, звукот, т.е. сите фрекфенции кои тој ги носи, огромен дел од силата губат пробивајќи се низ повеќе слоеви на материјали со различна дебелина и густина (гипс, хартиена обвивка, изолациски материјал, воздушен простор). На овој принцип, звукот губи повеќе од енергијата, отколку кога тој се пробива низ иста дебелина од еднослоен материјал, кој би се спротиставил на звукот само со својата тежина и дебелина.

Вам ви останува одличната звучна изолација, а Кнауф Ви подарува плус 0,3м$^2$ на секој должен метар по кој се изведува нашиот препорачан ѕид.




*Knauf Systeme und besserer Schallschutz. Theorie der Schalldämmung, Vergleich mit Standard-Maurer Wänden, Tipps für einen besseren Schallschutz.*

*Knauf systems and better sound insulation. Theory of sound insulation, comparison with standard mason walls, tips for better sound insulation.*

За да ја испитаме веродостојноста на фактите за односот на Кнауфовите системи за сува градба во однос на звучната заштита, техничките лица на Кнауф од канцеларијата во Скопје, во соработка со фирмата Фармахем, од Скопје, направија редица испитувања на постоечки објект во Македонија. При тоа се дојде до интересни и конкретни показатели за однесувањето на ѕидовите направени од Кнауф. Следните редови се извадоци од овластениот извештај од Фармахем:

Фармахем, лабораторија за животна средина, на барање на Кнауф, Скопје изврши тестирање на нивото на бучава во станбена зграда лоцирана на ул. Мирче Ацев 6б, населба Бејбунар, Охрид со цел да изврши споредба на ефективноста на звучно изолационите материјали на Кнауф во однос на класични градежни материјали (тула). Тестирањето на нивото на бучава беше извршено на 20.10.2011 година. За исполнување на зададената цел беше извршено тестирање на ниво на звук кое се емитува од соба во соба и од стан во стан.

**Извори на емисија на бучава**

За потребите на ова тестирање беа користени два типични извори на бучава кои се користат во домаќинство правосмукалка и озвучување на музички систем. Правосмукалката тип Самсунг со моќност од 1600W беше подесена на максимално оптеретување. Правосмукалката беше поставена на височина од 0,2 м од површината. Озвучувањето на музички систем Sony беше подесено на јачина од 15-ти поделок со пуштена музика (правец рок). Височината на изворите на бучава од површината изнесува 0,5 м.

**Преградни ѕидови**

Преградниот ѕид од тули помеѓу соседните простории во еден стан се изѕидани од 12 цм блок тула, двострано малтерисан со вкупна

# Толку тенка, а толку неопходна



Кога зборуваме за систем т.е. систем на преграден ѕид кој треба да овозможи добра звучна изолација, треба да се нагласи дека сите елементи на системот се важни учесници во оваа заштита. Почнувајќи од гипсената плоча, која е произведена по највисоките стандарди и ги има сертификатите за квалитет како сведоци за тоа, така профилите кои се статички доволно јаки да овозможат квалитетен систем, потоа минералната волна која го исполнува просторот помеѓу профилите, масите за исполна кои се нанесуваат на сите слоеви на облогата од гипсени плочи и конечно најтенка, но не и најневажна, всушност сосема спротивно: дихт-лентата! Овој едноставен елемент, направен од гуменеста материја, која изгледа пребанално за да и припишеме толкав дел од заслугата за звучната заштита и кој токму поради тоа е доста често неоправдано заборавана. Дихт-лентата оневозможува звукот да помине помеѓу совршено рамниот и крут профил и подлогата (под, друг ѕид, таван) на која се шрафи профилот и која при директен допир со челичниот профил, многу лесно би му ги пренела вибрациите од околината, т.е. звукот од кој сакаме да се заштитиме. Само целосен систем, кој ги содржи сите овие елементи, е доволно јак да ни овозможи заслужен мир во домот и на работните места.



дебелина од 17cm. (слика бр.1) Преградниот ѕид помеѓу два стана е изѕидан од 25cm блок тула, двострано малтерисан со вкупна дебелина од 30cm. (слика бр.2) Преградниот ѕид од Кнауф системите помеѓу соседните простории во еден стан е изработен од Кнауф W112 со вкупна дебелина од 10cm. (слика бр.3) Преградниот ѕид од Кнауф системите помеѓу становите е изработен од Кнауф W623 со вкупна дебелина од 16cm (слика бр.4).

Мерењето на нивото на бучава која се емитира во внатрешноста на просторијата беше извршено во согласност со барањата на стандардот ISO 1996:2-2007 Acoustic-description, measurment and assesment of environmental noise. За тестирање на ниво на бучава беше користен инструмент за мерење на бучава Циррус CR:171B (класа 1) и истиот обезбедува функции и карактеристики барани во стандардите, IEC 60651:1979, IEC 60804:2001, IEC 61260:1995, IEC 60942:1997, IEC 61252:1993 и IEC 61672-1:2002. Важноста на калибрација на инструментот е до октомври 2013 година.

За исполнување на зададената цел беше извршено тестирање на ниво на звук кое се емитува од соба во соба и од стан во стан. За потребите на ова тестирање беа користени два типични извори на бучава кои се користат во домаќинство: правосмукалка и озвучување на музички систем. Поставеноста на изворите на бучава во однос на мерните места за двата случаи беше идентична. Мерењето на нивото на бучава која се емитира во животна средина беше извршено во согласност со барањата на стандардот ISO 1996:2-2007 Acoustic-description, measurment and assesment of environmental noise.

Во табелите 1 и 2 дадена е споредба на резултатите кои што беа добиени од тестирањата.



**ТАБЕЛА БР.1. СИТУАЦИЈА: СОБА/СОБА**

По извршените мерења и направената анализа за случај соба/соба може да се заклучи следното: - при користење на Кнауф системите еквивалентното контуирано ниво на бучава која се емитира од една во друга просторија во рамките на ист стан во однос на преграден ѕид од тула се намалува за 8,75dB (А) во услови кога се користи правосмукалка и за 8,1 dB (A) во услови кога се користи музички систем. - фрекфентната анализа на нивото на бучава во ситуации кога се користат двата извори на бучава покажува голема ефикасност по целото фрекфентно подрачје со исклучок на подрачјето од 100 Hz.

Табела бр.1. **Ситуација:СОБА/СОБА**

| **Случај** | **Преграден ѕид од Кнауф** | **Преграден ѕид од тула** | **Разлика** |
|---|---|---|---|
| Извор на бучава: **ОЗВУЧУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ СИСТЕМ (МУЗИКА)** | | | |
| Индикатор | ***Ниво на бучава dB (A)*** | | |
| LAeq | 41,0; u=2,4 | 49,1; u=1,4 | 8,1 dB (A) |
| **Случај** | **Преграден ѕид од Кнауф** | **Преграден ѕид од тула** | **Разлика** |
| Извор на бучава: **РАБОТА НА ПРАВОСМУКАЛКА** | | | |
| Индикатор | ***Ниво на бучава dB (A)*** | | |
| LAeq | 36,08; u=3,4 | 44,8; u=0,6 | 8,75 dB (A) |

**ТАБЕЛА БР.2.СИТУАЦИЈА: СТАН/СТАН**

По извршените мерења и направената анализа за случај стан/стан може да се заклучи следното: - при користење на Кнауф системите еквивалентното контуирано ниво на бучава која се емитира од една во друга просторија на соседни станови во однос на преграден ѕид од тула се намалува за 6,5 dB (A) во услови кога се користи правосмукалка и за dB (A) во услови кога се користи музички систем. - фрекфентната анализа на нивото на бучава во ситуации кога се користат двата извори на бучава покажува голема ефикасност на Кнауф системите во однос на тула по целото фрекфентно подрачје со мал исклучок за подрачје помеѓу 40 и 80 Hz.

Табела бр.2. **Ситуација: СТАН/СТАН**

| **Случај** | **Преграден ѕид од Кнауф** | **Преграден ѕид од тула** | **Разлика** |
|---|---|---|---|
| Извор на бучава: **ОЗВУЧУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ СИСТЕМ (МУЗИКА)** | | | |
| Индикатор | ***Ниво на бучава dB (A)*** | | |
| LAeq | 38,1; u=3,1 | 45,7; u=0,7 | 7,6 dB (A) |
| **Случај** | **Преграден ѕид од Кнауф** | **Преграден ѕид од тула** | **Разлика** |
| Извор на бучава: **РАБОТА НА ПРАВОСМУЛКА** | | | |
| Индикатор | ***Ниво на бучава dB (A)*** | | |
| LAeq | 34,9; u=+/-0,9 | 41,4; u=0,55 | 6,5 dB (A) |



# Аеродром
# Александар Велики

## ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТЕН ОБЈЕКТ

**Име на резиденцијалниот комплекс:**
Аеродром Александар Велики - Скопје

**Проектант:** TAV

**Надзор при изградба:**
Христови инженеринг
**Кнауф партнери:**
Акустик, Гипсар, Хаски - Скопје
**Кнауф изведувачи:**
Омега, Мал Меи, Филип Прима инженеринг, Монтажа дизајн, Нико гипс, Срма инженеринг, Вист-Н, Термо акустик, Тегола монт.

**Вградени системи:**
- Преградни ѕидови, пожарно-отпорни 120 минути, Кнауф систем W112
- Спуштени тавани, Кнауф систем D112
- Против-пожарни канали, Кнауф систем W626
- Гипсени глет малтери, Кнауф MP75 и MP75L
- Кнауф фасадни системи со камена волна - KNAUF INSULATION
- Минерални тавани, Кнауф AMF











Фотографии: Христови инженеринг













# Модерен дом, далеку од градската врева









## ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТЕН ОБЈЕКТ

**Име на резиденцијалниот комплекс:**
Приватен станбен објект во Скопје

**Проект биро:** МОДУС ВИВЕНДИ

**Кнауф изведувач:** АКУСТИК ДИЗАЈН
ТОРУС

**Применети Кнауф системи:**

- Кнауф преградни ѕидови W112
- Aquapanel – надворешни цементни плочи
- FE 50 – самонивелирачки естрих
- MP 75 гипсени глет малтери
- Кнауф фасаден систем со камена волна
- Кнауф Cleaneo Acoustic – акустични плочи за пречистување на воздухот во просторијата







## КОНТИНЕНТАЛ - ШТИП

# Штипски гипс темелник





Во центарот на Источна Македонија, во градот Штип, пречекани сме од г-дин Панче Костов, еден од двата сопственика на фирмата Континентал, Кнауф партнер речиси од почетоците на работењето на Кнауф во Македонија. Заедно со неговиот брат г-дин Симо Костов, тие ја основале фирмата Континентал, чие продажно место на Градскиот Пазар во Штип е познато место каде се купуваат градежни материјали и други работи за домаќинството. На таа добра локација во градот трговијата се одвивала добро и така денес фирмата брои 11 вработени лица.

### ПОЧЕТОЦИТЕ НА КОНТИНЕНТАЛ

Почетоците на соработката со Кнауф датираат од 1995 година кога во просторот на старата стаклара продававме поголеми количини на електричарски и штук гипс во мали вреќи и тогаш претставникот на Кнауф во Македонија, а денешен директор, г-дин Тодор Деловски ни пристапи и ни понуди продлабочување на соработката. Беше договорено зголемување на продажбата на Кнауф програмата со производи од сувата градба – пред се, денес и кај нас најдобро познатите производи на Кнауф, гипсените плочи. На почетоците продажбата на гипсените плочи одеше доста тешко бидејќи во Штип речиси и да немаше монтери за сува градба како што има денес. Моравме со текот на времето да контактираме со многу мајстори кои заедно со нас учеа за монтирањето на плочи од Кнауф системите. Потоа ги снабдувавме со проспекти и технички листови се со цел што поквалитетно вградување на Кнауф системите. Освен активностите овде, во Штип, подоцна почна и систематско испраќање поединци во тренинг центрите во Скопје и Дебар за да можат освен да учат и да пробаат на лице место со стручен надзор на вработени од Кнауф. Се сеќавам на почетоците кога спуштени плафони се правеа со иверки и тоа изгледаше доста неквалитетно и несигурно. Со текот на времето сите тие мајстори се убедија за предностите на градбата со Кнауф системите за сува градба.

### РЕФЕРЕНТНИ ОБЈЕКТИ СО КНАУФ МАТЕРИЈАЛИ ВО ШТИП

Станбени објекти за млади брачни парови, конфекциски хали, објектот на Канал 77, Џонсон Мети, при реновирање на Дом на АРМ и повеќе училишта, супермаркет ТУШ и др.

### ТРЕНДОВИ НА ГРАДЕЊЕТО ВО ШТИП

Во последните 10 години низ Штип и околината релативно слабо се градеше. Во последниве година-две трендот оди нагоре, па така и за 2012 се планирани 5,6 згради за градба.
Порано во Штип постоеше и настава за монтери за сува градба во средното

*Profil des Unternehmens Kontinental aus Stip. Interview mit Herrn Kostov - dem Direktor der Fa. Kontinental. Sein Unternehmen ist eine der Säulen des Knauf Geschäftes in Ost-Mazedonien. Hr. Kostov spricht über die Anfänge des Unternehmens, Herausforderungen und Pläne für die Zukunft.*

*Profile of the company Kontinental from Stip. Interview with Mr. Kostov – the director of Kontinental. His company is a pillar of the Knauf business in Eastern Macedonia. Mr Kostov speaks about the company's beginnings, challenges and plans for the future.*







техничко училиште кое обучи одреден број на ученици за овој просперитетен занает, но во последно време како оваа насока да се подзаборави, па би сакале оваа тема повторно, заеднички со Кнауф да ја актуелизираме.

Секако како и низ другите региони во Македонија, во последно време се поголема улога во градењето игра енергетската ефикасност. Градењето на добро проектирани нискоенергетски објекти со добра изолација е императив во времето на високите цени на енергенсите.

**ПЛАНОВИ ЗА ИДНИНА**

Во моментов Континентал има план за отворање на поголем нов продажен простор во месноста Пребег. Објектот ќе има 3000 м2, доволно за подостојна презентација на Кнауф сувата градба и за поголема залиха. Исто така сакаме да ја зголемиме понудата на разни Кнауф производи и системи, што мора да се направи со заеднички поголеми маркетинг активности. Секако иднината на градежништвото во овој регион мора да се гледа во градењето на објекти кои ќе се што енергетски поефикасни, како и во обучувањето на што поквалитетни млади кадри кои ќе ја влечат градежната фела кон употреба на посовремени и подобри градежни системи и техники.







## РАЗГОВОР СО Г. ВЕЛИМИР ПЕТРОВСКИ, ДИРЕКТОР ЗА ПРОДАЖБА НА КНАУФ ВО МАКЕДОНИЈА

# Многу повеќе од продажба

Од некогашните тројца вработени, денес во Кнауф во Скопје има техничка канцеларија со 9 вработени, специјалисти за одредени програми.

***Господине Петровски, вие сте еден од вработените на Кнауф во канцеларијата во Скопје со поголемо искуство. Во Кнауф сте речиси од самите почетоци во Македонија. Која е разликата од работата и атмосферата некогаш и сега?***

Мојата професионална кариера во Кнауф започна пред 14 години. Беше тоа времето на пионерските први промоции на сувата градба во нашето градежништво. Тоа беа времиња на многу интензивни контакти со промотивни презентации пред архитекти, градежници и инвеститори. Во овие презентации се претставуваа подрачјата и можностите на примена на Кнауф системите. Истовремено, за монтерите одржувавме семинари за совладување на техниките на правилното вградување на Кнауф системите. Со зголемувањето на примената на Кнауф системите, се зголемуваа и интересите на проектантите и инвеститорите. Се повеќе корисници се јавуваа за техничка поддршка, препораки за примена на соодветни системи, но и за решавање на сериозни барања за конкретни проекти. Како се воведуваа нови програми на Кнауф производи на македонскиот пазар (малтери, фасади, подови, поплочување, чистење и сл.), соодветно се проширувaше и Кнауф техничката канцеларија. Од некогашните тројца вработени, денес во Кнауф во Скопје има

*Herr Velimir Petrovski, der Verkaufsleiter von Knauf in Mazedonien spricht über die Anfänge seiner Karriere in Knauf, seine Job Highlights, sowie seinen Weg als auch den Weg der Unternehmensentwicklung. Seine Motivation für eine erfolgreiche Arbeit sind seine Kinder und seine Frau.*

*Mr. Velimir Petrovski, the sales manager of Knauf in Macedonia speaks about the beginnings of his carrier in Knauf, his job's highlights as well as the path of his and company's development. His motivation for a successful work are his children and his wife.*





техничка канцеларија со 9 вработени, специјалисти за одредени програми. Секој во својата област работи на уште поголемо доближување на Кнауф до корисниците, на комплетна техничка и логистичка поддршка за својата програма на производи, како и подигнување на целокупниот квалитет на градба со системот на обуки кои го имаме во Кнауф.

***Како се развиваше Вашиот напредок во фирмата?***

Најголемиот дел од мојот стаж во Кнауф го поминав во техничкиот сектор. Започнав како советник за сува градба, па потоа технички раководител, па раководител на објекти... Освен инженерското образование и искуството од терен, за мојот напредок од голема помош ми беа и многубројните и континуирани Кнауф обуки кои ги имам завршено. Од пред две години ја вршам функцијата на раководител на продажба на Кнауф за Македонија. Задолжен сум за координација на продажните со маркетинг активностите на пазарот, како и негување на нашата партнерско-трговска мрежа. Но исто така, имам чести контакти и со разни институции, со градежниците, со инвеститорите, и можеби не толку често како порано, со моите долгогодишни соработници и пријатели – архитектите.

***Кои моменти би ги издвоиле како моменти од Вашата кариера во Кнауф кои нема да ги заборавите?***

Нема да го заборавам пилот проектот со ЈПССДП во 2005 год. Постојниот проект за станбена зграда во Скопје кој беше изведен класично се преработи со Кнауф преградни ѕидови. Потоа инвеститорот го препорача Кнауф во својата проектна програма. Тој чекор беше своевиден пресврт и почеток на масовната примена на Кнауф преградните ѕидови во станбените објекти. Вториот момент на кој со задоволство се сеќавам е воведувањето на занимањето „монтер за сува градба“ во учебната 2003/2004 година. Успеавме, за прв пат после подолги години, во образовниот систем да воведеме нова насока т.е. профил. Применувајќи ги искуствата и програмите од средните градежни училишта во Европа и денес се обучуваат квалификувани монтери за сува градба.

***Како успевате да балансирате помеѓу растечките службени обврски, со оние во семејството? Сопруг сте и плус татко на две деца...***

Се трудам да му се посветам на семејството онака како што заслужува, а при тоа да не „трпи“ работата. А колку успевам во тоа, подобро прашајте ги нив! За жал, не можеме денот да го растегнеме повеќе од 24 часа: како што рековте, работа има се повеќе, но семејството е пак мојот извор на сила



***Дали има доволно музика во Вашиот живот?***

Музиката секогаш ме разонодува, ме опушта и инспирира. Израснав со музиката од 80-тите, со Новиот бран. Песните на Дјуран Дјуран и Алтравокс често ми прават друштво на патувањата. Мојата втора љубов е класиката. Благодарение на сопругата ги слушнав и ги засакав виртуозите на виолина Ане Софи Мутер и Најџел Кенеди. Од скоро, покрај мојата ќерка – тинејџерка, ја запознав и музиката на Лејди Гага и Бруно Марс, а со синот пак, ги пееме детските песнички од Златно Славејче и Поточиња.






# Maze in Mazedonien - Маце во Мацедониен

**Матиас Шонер е Германец од Баварија, студент на магистерските студии за индустриски инженеринг на Техничкиот Универзитет во Илменау, Турингија, Германија. Има 25 години. Меѓу пријателите е познат како Маце (Maze, напишано на германски јазик). Случајно неговиот прекар се поклопува со името на Македонија ( Mazedonien, на германски јазик). Веројатно токму случајноста (судбината) му ја доделила Македонија и Кнауф како место и фирма каде ќе извршува стручна пракса, како разменет студент помеѓу Македонија и Германија, во посредство на студентската асоцијација за размена на студенти - ИАЕСТЕ.**

Матиас Шонер ни пишува од Краков, Полска, каде во моментов се наоѓа поради студиите. **Зошто пракса токму во Македонија и во Кнауф?**

Знаев дека ќе имам повеќе слободно време во и после летниот семестар па посакав да отидам некаде каде ќе можам да научам нешто корисно за моите студии, а во исто време и да прошетам и научам нешто ново, за нови култури, поинакви од германската. ИАЕСТЕ организацијата дојде како многу добар организатор на вакви можности за студенти и така отидов да проверам дали имаат нешто интересно за мојот профил. При апликацијата се искристализираа три можни фирми во три различни земји во Европа и според описот на понудената пракса во Кнауф, и според описот на земјата и активностите што студентите од Македонија ги организираат таму, изборот не беше тежок. Почнаа подготовките за мојот студиски престој во Македонија.

**Какви се впечатоците од твојот престој во Кнауф и во Македонија? Дали ги оправдаа твоите очекувања?**

На мојот факултет имам пријател кој е по потекло од Струга, па тој ми беше добар извор на информации пред тргнувањето за Македонија. Освен тоа, седиштето на Кнауф во Германија е во истиот регион како мојот роден град (Ипхофен, близу Кицинген) така што имав доволно инфомации за фирмата и пред да аплицирам за праксата во Македонија. Сепак, бев изненаден дека Кнауф имаат фабрика и претставништво во Македонија. Во Кнауф имав подготвено многу интересна програма, каде можев да ги видам сите оддели во претставништето во Скопје, како и во фабриката во Дебар.

*Mathias Schöner ist unser Austauschschüler des Industrieengineerings aus Bayern, Deutschland, der letztes Jahr bei uns war. Er schreibt uns einen Brief aus Krakau, Polen, wo er mit seinen Studien fortgefahren ist. Er erinnert sich an seine ersten Eindrücke von seinem Sommer-Job in Knauf und Mazedonien, sowie seine Pläne und Wünsche für die Zukunft..*

*Mathias Schöner is our last year's foreign exchange student of industrial engineering from Bavaria, Germany. He writes us a letter from Krakow, Poland where he continued with his studies. He remembers his first impressions of his summer job in Knauf and Macedonia, as well as his plans and wishes for the future.*



## KNAUF NEWS

# Тим од КНАУФ и реномирани архитекти во посета на ХЕЛЕКСПО-Солун

На 17 и 18 Февруари 2012 г. група на реномирани архитекти од Скопје заедно со тим од Кнауф Скопје ги посетија саемот за градежништво Хелекспо во Солун, како и неколку објекти во јужниот дел од Македонија. Во Струмица беше посетен првиот пасивен објект во Македонија, деловната зграда на фирмата Експро. Во Гевгелија беа посетени и разгледани хотелот Нар каде се исползувани предностите на сувата градба на Кнауф, како и хотелот Рамада Плаза како пример за остварена звучна заштита на високо ниво со помош на Кнауф системите.




Повеќето од луѓето зборуваа германски или англиски и тоа навистина ми го олесни мојот престој во Кнауф. Ми се допадна работната атмосфера и бев изненаден од тоа колку срдечни се луѓето во Македонија. Тоа беа од оние работи кои си ги понесов со себе како најскапоцени придобивки од мојот престој таму. Научив многу за гипсот како материјал – навистина еден од најподатливите и здрави материјали за употреба во градежништвото. Проѕирните кристали во рудникот на Кнауф во Дебар беа неверојатни. Светлината се прекршуваше спектакуларно низ чистиот кристал, како во некој научно фантастичен филм. Еден таков кристал добив и како сувенир од вработените во Дебар и сега истиот тој ми го краси моето биро токму во моментов додека Ви пишувам.

**Дали од сегашна перспектива повторно би дошол на пракса во Кнауф, во Македонија?**
Моите седум недели во Кнауф и во Македонија беа едно од моите најголеми доживувања и најдрагоцени искуства во мојот живот! Научив многу, запознав многу нови луѓе и една нова перспектива на гледање на нештата во светот – македонската и балканската перспектива. Сега навистина се сметам за побогат човек. Дојдов во Македонија како странец, а се вратив дома со пријатели за цел живот, Македонци и странци. Јас веќе во меѓувреме пак се вратив во Македонија, на продолжен викенд! Многу нешта во Македонија многу ќе ми недостигаат.

**Што после завршувањето на студиите?**
Сега сум во последната година од моите магистерски студии. Мојата специјализација на универзитетот се производствените техники и логистиката. После завршувањето на студиите себеси се гледам некаде во странство, работејќи нешто од мојата професија во некоја интересна фирма и земја. Изгледа човек кога ќе почне да патува нема запирање. Кога би останал и би работел во Германија, би сакал по можност тоа да биде во авио или автомобилската индустрија.

Каде и да го однесат кариерата и животот овој млад човек, тимот од вработени во Кнауф во Скопје и Дебар му посакуваат светла иднина и се најдобро!





# REALEX TIRANA 2011 “Let’s make beautiful buildings”



# КНАУФ на саемот “ГРАДЕЖНИШТВО 2012”

Од 6-10 Март, на Скопскиот Саем се одржа традиционалниот Саем за градежништво. Во халата Метрополис се претстави и Кнауф со своите партнер фирми од странство и Македонија. Штандот на Кнауф централно поставен во првата хала, беше и центар за многу гости од фелата, професионалци и студенти, како и оние минати и идни купувачи кои се заинтересирани да најдат некое ново Кнауф решение за нивниот дом или деловен простор. Се надеваме оваа година ќе биде уште една успешна за градежниот сектор во Македонија.







*“Build and Construct” hat traditionell an der Skopje M*
*wichtigen Personen aus den Bereichen Bau und Archit*
*die am Bauen und Sanieren interessiert sind. Wieder w*

*“Build and Construction” at Skopje Fair has traditiona*
*important people from the areas of construction and*
*customers interested in building and renovating. Agai*

Саемот за градежништво и недвижности Реалекс Тирана, што се одржи од 6-8 Септември 2011, во главниот град на Албанија, привлече големо внимание во албанската јавност. 20.000 посетители го посетија саемот кој беше свечено отворен од албанскиот премиер г. Сали Бериша. Паралелно со саемското претставување се одржаа и конференција и гала вечера. Конференцијата ја отвори со поздравен говор премиерот Бериша, а еден од главните говорници беше и г. Тодор Деловски, директор на Кнауф за Албанија, Македонија, Косово, Србија и Црна Гора. На свечената вечера како специјален гостин, во живо се направи видео линк со легендата од светот на недвижностите, г. Доналд Трамп од САД.











*esse im März stattgefunden und versammelt alle*
*ektur, sowie Studenten, Medien und den Endkunden,*
*var die ganze Veranstaltung ein voller Erfolg.*

*lly taken place in March and gathered all the*
*architecture, as well as students, media and the end*
*n, the whole event was a success.*

# Претставници на “АНК” во посета на КНАУФ

На 23 Септември 2011 претставништвото на Унијата на германските комори за индустрија и трговија – АНК, со седиште во Скопје, беше организатор а ние добри домаќини на посетата на нашата фабрика Кнауф Радика и рудникот во Дебар. Освен дружбата помеѓу претставниците на фирмите членки на оваа унија, целта на оваа посета беше можноста да се посети уникатниот рудник на Кнауф, каде може да се види гипсот во својата најчиста форма. Директорот на Кнауф во Македонија, Косово, Албанија, Србија и Црна Гора, г-динот Тодор Деловски беше љубезен да ги поздрави сите гости и да им ја раскаже приказната за 99,99% чистиот гипс – кој во таа форма се нарекува Богородично Стакло (Marienglas). Ваква чистина и квалитет на гипсот во светот може да се сретне само уште во рудник во Мексико.



KNAUF



www.knauf.com.mk



### ТАВАНСКИ СИСТЕМИ

- Тавански системи од гипсени плочи
- Акустични и тавани со специјален дизајн
- Облоги на поткровје



### ЅИДНИ СИСТЕМИ

- Преградни ѕидови на метална потконструкција
- Ѕидни облоги и инсталациски канали
- Санитарни градежни системи и ревизиони отвори
- Системи за лизгачки врати



### ПОДНИ СИСТЕМИ

- Самонивелирачки подови
- Повишени подови
- Маси за порамнување



### СИСТЕМИ ЗА ФАСАДИ И ИЗОЛАЦИСКИ СИСТЕМИ

- Контактна фасада



### СИСТЕМИ ЗА МАЛТЕРИСУВАЊЕ

- Гипсени глет малтери



### БАУМАРКТ ПРОГРАМА – НАПРАВИ САМ (ГРАДЕЖНА ХЕМИЈА)

- Лепаци за плочки и фуги
- Глет маси, лепаци, дихт ленти, израмнувачи, алати
- Средства за чистење и нега

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ


**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул.8 Септември 66
1250 Дебар
Тел: 046 839 200
Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул.Александар Македонски 66
1000 Скопје
Тел: 02 3235 750
Факс: 02 3235 760

info@knauf.com.mk

facebook.com/KnaufMacedonia


## КНАУФ КОНСАЛТИНГ

### СОВЕТУВАМЕ ЗА:

- Системи за сува градба
- Монтажни куќи
- Системи за малтерисување
- Фасадни системи
- Подни системи
- Системи за поплочување
- Баумаркт програма - Направи сам (Градежна хемија)

### ШКОЛУВАЊА ЗА:

- Проектанти
- Изведувачи
- Градежни фирми
- Трговци